З А П И С Н И К

Од 40-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 40-та редовна седница на ден 31.12.2020 година (Четврток) со почеток во 11.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова и Наце Коцев.

На седницата присуствуваа Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Верче Миткова, Славе Андонов , Горан Андонов,Ристо Михаилов претставници од општинската аддминистрација во Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 40-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 39-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 23.12.2020 година за збор се јави Сања Христова член на Советот на Општина Василево од советничката група на ВМРО- ДПМНЕ рече дека има забелешка по записникот од минатата седница која е причината што не е наведено во записникот на седницата присуствуваше и представник од АфПЗРР.

Крсте Панев претседател на Советот на Општина Василево рече дека таков представник нема присуствувано доколку се мисли за Халид ниту е вработен во општината тој беше присутен во својство на граѓанин.

Сања Христова даде осврт на записникот од 39 седница на совет рече дека иако нема присуствувано на седницата го има разгледано записникоти е изненадена од зборовите со кој градоначалникот се има изразено дека цела советничка група на ВМРО- ДПМНЕ е заокружена како незаинтересирана и неспособна според неа нема потреба од лични навреди да настапува политички тој може да зборува за поединечни капацитети рече дека таа лично се чувствува навредено.

За збор се јави Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече во секој случај реприката и консултацијата на советниците ВМРО- ДПМНЕ е нивна мисла, меѓутоа како градоначалник стои на ставот го има кажано тоа дека како советнице на оваа советничка група од 6 советници неможе на седница кога се носат програми каде што треба да се дават предлози да се дискутира и критикува да дојдат само двајца советници од кој и двајцата ја напуштија седницата кога се носат најбитните Одлуки во една институција за да може да функционира општината кој што е многу битно за граѓаните на општината, Советниците од советничката група на ВМРО- ДПМНЕ најмалку може да дискутират за предходната седница или за записникот доколку имало предлог или некоја идеа како советници изберени од граѓаните цела година ниту еден предлог немаат дадено од граѓаните да се вметне во програмата во буџетот за наредната година. Сега се носи буџет врз

основа на програмите, се јавуват да дискутират на седницата кога нема дадено ниту еден предлог идеа или некое барање, кое е од големо значење за општината, колку повеке души размислуват толку подобри одлуки се носат.

Сања Христова член на Советот од советничката група на ВМРО- ДПМНЕ се јави за реприка праша зошто нема отворено расправа од советниците кој се присутни по ниту една точка освен од претседателот на Советот што има отворено расправа по една точка каде што треба да се вметнат две под точки.

Крсте Панев претседател на Совет на општина Василево рече дека кога се креираа програмите тој лично беше присутен со колегите на СДСМ секој што имаше да пренесе до градоначалникот за програмите беше разгледано и вметнато. Општината секогаш е отворена и подготвена да разговара за прашања кои се од интерес на граѓаните без разлика на политичката партија, во донесувањето на програмите не само што се дискутираше туку и беа направени одредени измени.

Сања Христова член на Советот Советниците на ВМРО- ДПМНЕ рече дека советниците од ВМРО ги нарекуват незаинтересирани и неспособни и дека немат капацитет, додека советниците од СДСМ по отворената расправа само креват рака за или против немат ниту една расправа со исклучок на советникот Блаже Коцев кој што дава предлози предложени од граѓаните на населено место од каде што припаѓа.

Градоначалникот Марјан Јанев рече дека сите програми за 2021 година се донесени заедно со него и целосна консултација со советниците на СДСМ ------и администрацијата во општината според потребите на граѓаните, советничката група на СДСМ 15 дена пред донесување на програмите по нивна желба беше закажан состанок во општината и тие заедно учествуваа во креирањето на програмите, сите потреби што ги имаа покренато од граѓаните беа доставени во општината на време и тие идеи и предлози беа вметнати пред самата седница каде што сега нема ни потреба за тоа да се дискутира, додека нивната советничка група не даде ниту еден предлог ниту пак учествуваше на седница во донесувањето на програмите. Имаше повик од страна на општината на ВЕБ страната и на сите социјални мрежи нивната советничка група не даде ниту еден предлог ниту пак учествуваше на седница во донесувањето на програмите. Доколку советничката група на ВМРО- ДПМНЕ доставеше предлог ќе беше вметнато тоа е поради незаинтересираноста без да помислат за граѓаните од каде се изберени.

Немаше друг пријавено за збор записникот од 39-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 23.12.2020 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со9 гласа,, за,, ,, против,,4 и ,, воздржани,, нема.

За работа на 40- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

1. Предлог-Буџет на општина Василево за 2021 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2021 година;
3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2021 година;
4. Донесување на Одлука по Барањето поднесено од Црковниот одбор при црквата „Успение на Пресвета Богородица“ од с. Нова Маала.

Dnevniot red za rabota na 40 - ta sednica na Sovet, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

Поради немање кворум за работа комисијата за финансирање Буџет и локален економски развој не беше состаната. Беше отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог-Буџет на општина Василево за 2021 година; за збор се јави Ристо Михаилов представник од општинската аддминистрација во образложението рече дека Буџетот за 2021 кој е доставен до советниците во во изминатите денови пристигнати се одредени средства кој беа планирани за идната година тоа беа средства за капиталните програми еден дел од тие средства пристигнаа тоа се средства во износ од 3.800.000 денари што значи Буџетот за 2021 година ќе се намали за тие средства бидејќи тие средства пристигнааа што ги опчекувавме идната година. Буџетот е креиран на 166.722.000 како предлог сега се намалува за 3.800.000 денари и за 2021 година ке изнесува 162 882 000 денари. Советот треба да го усвои предлогот бидејки средствата се престигнати се врши измена на Буџетот .

Во образложението Ристо Михаилов представник од општинската аддминистрација рече дека Буџетот е план и програма за работа на општината за 2021 година и е составен од три елементи, основен Буџет буџет на единките корисници и самофинансирање, сите три дела го сочинуват консулидарниот или вкупен Буџет кој што Советот треба да го усвои.

Крсте Панев претседател на Совет на општина Василево праша каде и во која ставка ќе биде намалувањето и каде треба да се измени

Ристо Михаилов представник од општинската аддминистрација рече дека во приходниот дел кај биланс на приходи 74 се намалува за 3.800.000 денари од ставка 45.556.000 денари и во расходи 48 изградба на улици и патишта во програмата Јд се намалува за иста сума средствата се исплатени нема потреба да ги има во идниот Буџет.

бидејќи средствата се престигнати предлогот да се изврши измена на тие средства од вкупно креираниот Буџет за 2021 година од 166.722.000 денари да се намали за 3.800.000 денари, вкупниот Буџет на општина Василево изнесува 162.882.000 денари, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Сања Христова член на Советот од советничката група на ВМРО- ДПМНЕ се јави за збор рече дека нејзиното прашање се однесува за биланс на приходи во капитални приходи во Буџетот за наредната 2021 се предвидени 16.637.000 денари преку продажба на градежно земјиште и нематреални вложувања побара образложение на кое земјиште се мисли и кој има организирано да врши продажба на тоа земјиште за да се опчекува толку голем приход.

Ристо Михаилов представник од општинската аддминистрација рече дека прашањето се однесува на државно градежно земјиште или земјиште кое е урбанизирано од страна на општина Василево. Во текот на креирањето на Буџетот има одреден критериум кој го дава Министерството за финансии, врз база на реакција од последните 3 години врз база на тоа се добиени одредени суми кој треба да се предвидат во буџетот бидејќи неможеме да знаеме точно колку ќе може да се продаде одредено земјиште во текот на 2021 година има парцели кој ќе бидат за продажба тоа е најавено и од премиерот дека одредено земјиште ќе се продава и по инструкции на Министерството за Финансии ќе се постапува, овааа ставка не може да се отргне од Буџетот за да се направи ребаланс во текот на годината.

Сања Стојанова праша колкава е реализацијата данок на имот за 2020 година има сума од 8.804.000 денари праша како планират да се реализира во 2021 кога има пандемија.

Ристо Михаилов врз основа на податоци од последните три години и овааа година има реализација за данок на имот, бидејќи Советот и општината немат предвидено одредени измени при данок на имот дали ќе се ослободуват граѓаните каде ќе предвидат одредени поместувања за овој дел на приходи што значи остануват сите предвидени приходи кој се опчекуват врз база на решенијата, нема ослободување и сите граѓани ќе мора да си го платат данокот на имот кој се најбитни приходи на општината затоа сите приходи треба да се реализират нема ослободување бидејќи нема донесено Одлука од Советот за ослободување.

Сања Христова рече дека нејзиното прашање се однесува во делот на расходи во ставка за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води има предвидено 5.000.000 денари која се однесува на ниво на цела општина според неа тоа е мала сума праша како планират изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води.

Марјан Јанев на прашањето на советничката Сања Христова рече кога се носат програмите и буџетот кога се формира и врз основа на граганите и доколку се прочитани програмите ке се види дека во програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води има предвидено 4.000.000 денари за изградба на атмосверска канализација од Василево до река Водочница и повеќе наменско игралиште во Василево и 1.000 000 денари за други дополнителни работи ,има и на Изградба на бетонски канал во село Градашорци во Чифлик маала, изградба на бетонски канал во село Радичево кој се веке тендерирани се чекат градежните компании да одпочнат во наредниот период и бидејќи е крај на годината истата градежна компанија ќе почне во почетокот на 2021 година истите средства за исплата на изградба на тие бетонски канали ќе биде во текот на 2021 година тоа се 5.000.000 денари.

Крсте Панев претседател на советот на општина Василево рече дека тој предлог е предложен лично од него бидејќи имаше притисок од граѓаните на Василево атмосверската е завршена до повеќенаменското игралиште бидејќи целата атмосверска вода излегува таму граѓаните таму имат проблем уште пре шес месеци се разговараше за тој проблем како да се реши овој проблем затоа се прифати овој предлог.

Сања Стојанова смета дека со ваков предложен Буџет ќе има потреба од Ребаланс на Буџетот и сето тоа ќе биде на штета на граѓаните, тоа е поради нереално планирање од тие причини советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе гласа против предложениот Буџет за 2021 година бидејќи приходите на општината опаѓат со тоа се укажува дека инвеститорите бегат од општина Василево

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека Буџетот за 2021 е реален и уставрлив и ќе биде реализиран. Никаде во било која институција Буџетот 100 % не се реализира. Буџетот е направен врз основа на потребите на граѓаните а дали советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе гласат или не тоа е нивна работа, жално е што сега дискутират без да дадат придонес во креирањето на програмите и Буџетот. Сега се дискутира за буџет, колку што гледа немат ни прочитано. За време на владеењето на нивната партија се билдаше Буџет од 22.000.000 денари а се реализираше многу мал дел лично тој е сведок бидејќи беше советник во тој период. Сега основниот Буџет за 2021 година е направен на 83.420.000 денари затоа е реален и уставрлив и е направен според потребите на граѓаните.

Крсте Панев претседател на советот на општина Василево на излагањето на советничката Сања Стојанова рече дека има инвеститори има приходи и општината гради.

Сања Стојанова рече дека има информации дека општината е задолжена над 60.000.000 денари и тоа без кредитно задолжување, побара писмено или усно да и се даде извештај колкав е долгот од предходните години од владењето на ВМРО- ДПМНЕ и сега.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека точка на дневен ред на седницата е усвојување на Предлог-Буџет на општина Василево а не советнички прашања додека за прашањето што беше поставено од советничката Сања Стојанова околу задолжувањето на општината ќе се дискутира кога ќе се гласат кварталните извештаи за четвртиот квартал за 2020 година сега советниците треба да бидат насочени за донесување и извршување на Буџетот.

По затворената расправа првата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2021 година; ред беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа ,, за,, ,, против,, 4 и ,, воздржани,, ,, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред рече Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2021 година;

немаше пријавено за збор ред беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ 4 и „ воздржани„ „ нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2021 година;;немаше пријавено за збор; беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

4

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред; Донесување на Одлука по Барањето поднесено од Црковниот одбор при црквата „Успение на Пресвета Богородица“ од с. Нова Маала, за збор се јави Атанас Ристов член на Советот на општина Василево негов предлог е да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 000 денари.

Немаше друг пријавено за збор; предлогот на Атанас Ристов да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 000 денари, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

Четвртата точка Донесување на Одлука по Барањето поднесено од Црковниот одбор при црквата „Успение на Пресвета Богородица“ од с. Нова Маала, со усвоениот предлог да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 000 денари, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 40- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Крсте Панев